**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk e-mail:kzk@kzk.gov.mk**

Уп бр. 08-144

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на АЛФИ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о, со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија и 17207646 КАНАДА ИНК АЛФИ, со регистрирано седиште на Суит М3400, 1000 де Ла Гошетиер, Монтреал, КЦ Х3б 0А2, Канада, доставено преку Љупка Новеска Андонова, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 29.10.2025 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се утврдува концентрацијата со која АЛФИ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о, со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија, и 17207646 КАНАДА ИНК, со регистрирано седиште на Суит М3400, 1000 де Ла Гошетиер, Монтреал, КЦ Х3б 0А2, Канада, ќе стекнат заедничка контрола над АЛФИ М1, наменско друштво за инвестиции, д.о.о., со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија, МЕРКУР трговија, д.о.о., со регистрирано седиште на адреса Цеста на Окрогло 7, 4202 Накло, Република Словенија, и МЕРКУР енергија, енергетски решенија, д.о.о., со регистрирано седиште на адреса Цеста на Окрогло 7, 4202 Накло, Република Словенија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 03.10.2025 година, а дополнето на 10.10.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од страна на АЛФИ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о, со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија, и 17207646 КАНАДА ИНК, со регистрирано седиште на Суит М3400, 1000 де Ла Гошетиер, Монтреал, КЦ Х3б 0А2, Канада, со која АЛФИ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о и 17207646 КАНАДА ИНК ќе стекнат заедничка контрола над АЛФИ М1, наменско друштво за инвестиции, д.о.о., со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија, и МЕРКУР трговија, д.о.о., со регистрирано седиште на адреса Цеста на Окрогло 7, 4202 Накло, Република Словенија, и МЕРКУР енергија, енергетски решенија, д.о.о., со регистрирано седиште на адреса Цеста на Окрогло 7, 4202 Накло, Република Словенија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**АЛФИ** управува со алтернативни инвестициски фондови со инвестициските фондови: АЛФИ II, СИС, АЛФИ ДИЈ ЦЕЕ, АИС, основано под називот АЛФИ ДИЈ ЦЕЕ, Алтернативни инвестициски фондови и АЛФИ СИС основано под називот АЛФИ, Специјални инвестициски фондови.

АЛФИ групата е активна првенствено во управувањето со инвестиции и средства, особено во областите на малопродажбата, наплатата на долгови и други алтернативни инвестиции. АЛФИ групата врши анализа на инвестиции и управува со инвестициските фондови, додека самото управување со инвестициите делумно им е доверено на други друштва во групата.

Во својата поширока структура, АЛФИ групата го има следново регистрирано зависно друштво во Северна Македонија:

- АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса Булевар Киро Глигоров бр.13, Гази Баба, Скопје, активно во трговија на големо со играчки, квалитетна детска опрема, детска галантерија и детски текстил.

**17207646 КАНАДА ИНК** е канадско друштво основано на 1 август 2025 година, со регистрирана деловна активност „активности на холдинг друштва".

Ниту 17207646 КАНАДА ИНК ниту било кој од неговите поврзани субјекти моментално не се присутни во Република Северна Македонија, ниту пак остваруваат промет или вршат какви било деловни активности во Северна Македонија.

***АЛФИ М1*** наменско друштво за инвестиции, д.о.о е холдинг друштво, чија главна активност е сопственост на уделот во МЕРКУР трговија.

***МЕРКУР трговија д.о.о.*** првенствено се занимава со малопродажба преку специјализирани продавници, односно со малопродажба на направи сам (DIY) производи за домаќинства и непрофесионални корисници, како што се шрафови, бои, заштитни премази, како и со продажба на апарати за домаќинство, кои ги продава во Меркур центрите низ Словенија.

***МЕРКУР енергија енергетски решенија, д.о.о.,*** се занимава главно со производи и услуги поврзани со соларни панели, топлински пумпи, батерии, системи за складирање на батерии, вентилациски системи, полначи за електрични автомобили - кои ги нудат и на физички лица и на комерцијални клиенти, со фокус на помагање на клиентите со цел намалување на трошоците за енергија, достигнување на енергетска независност и поддршка на еколошката одржливост преку обновливи технологии и ефикасни системи.

Целната група (претпријатијата над кои се стекнува контрола) нема регистрирано зависни друштва во Северна Македонија; сепак, има остварено мал промет во 2024 година преку продажби на големо кон франшизата во Северна Македонија, која ја управува друштво кое не е поврзано со Целната група – МЕРКУР МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, од кои мнозинството се продажби на градинарски и технички производи.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk e-mail:kzk@kzk.gov.mk**

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**М-р Малинка Сиљановска Николиќ**